СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

**СО 45.седница**
**27.11.2019 година**
**Точка на дневен ред бр.1-1**

# МИСЛЕЊЕ
## на Надзорниот одбор кон Одлуката за именување член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола

**Битола 2019 година**

Во согласност со член 67 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола СО бр. 02-978/1/II-9 од 29.5.2019 година (пречистен текст), Надзорниот одбор на Банката се состои од 7 (седум) члена, од кои два члена се независни.

Имајќи предвид дека моментално Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола работи во состав од 5 (пет) члена, и тоа: Миле Зечевиќ – претседател и независен член, Александра Радевска – член, Стевчо Јолакоски – член, Иванчо Вејлановски – член и Игор Камбовски – независен член, потребно е персонално дооформување на Надзорниот одбор во согласност со статутарните одредби.

Во согласност со член 388-б став 4 од Законот за трговските друштва, за точките за кои нема предлог-одлуки за донесување, по предложената точка потребно е овластен орган (Надзорен одбор на Банката) да даде мислење што ќе биде објавено на интернет-страницата на Банката.

Номинирањето на кандидатите го вршат акционерите на Банката во согласност со Законот за трговските друштва со доставување писмен предлог за кандидати за член на Надзорниот одбор и податоци за возраста, образованието и другите професионални квалификации, работното искуство, во кои друштва биле или се членови на органи на управување, односно на надзор и други поважни функции што ги вршеле, бројот на акции што ги поседуваат во Банката и во други друштва и др.

Во согласност со член 390 од Законот за трговските друштва, предлог-одлуките треба да се достават во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на јавниот повик за одржување седница на Собрание, а во согласност со член 344 став 4 од Законот за трговските друштва, податоците за кандидатите за членови на Надзорниот одбор треба да им бидат достапни на акционерите најмалку 7 дена пред денот на одржувањето на Собранието на Банката на официјалната интернет-страница на Банката www.stbbt.com.mk.

Поради сето погоренаведено, се јавува потреба Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола да донесе Одлука за именување член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола.

НО бр. 02-02-16809/1/I.2-1-1
Битола, 1.10.2019 година

Стопанска банка а.д. Битола
Надзорен одбор
претседател
м-р Миле Зечевиќ